**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-829
04.06. **2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 6 став 1 алинеја 17 во врска со член 43 став 3, член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), согласно Заклучокот на Советот бр.02-3748/4 од 04.06.2015 година, Советот на Агенцијата на ден 04.06.2015 година ја донесе следната:

**Одлука**
**за утврдување повреда на забрана**

1. СЕ УТВРДУВА постоење повреда на забраната од членот 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14) од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, на начин што државен орган - Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија Ц.О. Скопје, учествува во основната главнина на друштвото со учество од 11,66% односно со паричен влог од 39.300,00 денари.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6 став 1 алинеја 17 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши работи утврдени со истиот Закон.

Согласно член 38 (Посебна забрана за стекнување на сопственост) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, соосновачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите.

Согласно член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, односно постоење на повреда на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање. Доколку при испитување на овие сознанијата од ставот 1 од цитираниот член, Агенцијата со одлука ќе утврди постоење на недозволена медиумска концентрација, односно повреда на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ќе му се наложи на радиодифузерот во рок кој не може да биде

пократок од 30 дена и не подолг од 90 дена да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од овој Закон.

Во согласност со Заклучокот бр.02-2925/3 од 16-тата седница на Советот на Агенцијата, одржана на 17.04.2015 година, Секторот за стратешко планирање и авторски права на Агенцијата, извршил увид во тековните состојби на трговските радиодифузни друштва во делот кој се однесува на сопственичката структура. При тоа, било констатирано дека кај Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, како сопственик се јавува правното лице - Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје, кој учествува во основната главнина на друштвото со учество од 11,66% односно со паричен влог од 39.300,00 денари. Имено, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје, основан е со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и според одредбите од овој Закон, има својство на правно лице. Според податоците од тековната состојба од Централен регистар на Република Македонија, сопственоста на ова правно лице е државна.

Следствено на напреднаведеното, се донесе одлука со која се утврди постоење на повреда на забраната од членот 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14) од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, на начин што државен орган - Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија Ц.О. Скопје, учествува во основната главнина на друштвото со учество од 11,66% односно со паричен влог од 39.300,00 денари. На Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, согласно член 43 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги му се наложи во рок од 90 (деведесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, оваа Одлука е конечна и против неа радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

Врз основа на горе наведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе;
- управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.